**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 -_______/________
Датум: __________________
Скопје

Врз основа на член 22 , став 1, точка 7 и точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/02) и („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.202/2024), а во врска со Глава II. Проектни активности , точка 3. Парична помош за лица/ семејства во социјален ризик и лекување од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година („Службен гласник на општина Карпош“ бр. 23/2025) и Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( лекување и социјален ризик) донесен на осмата седница на Советот одржана на 06.02.2026 година , Општина Карпош објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За доделување на еднократна парична помош за лица/семејства во социјален ризик и лекување**

Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година, објавува јавен повик за еднократна парична помош за:

- Лекување

-Лица/ семејства во состојба на социјален ризик

I. Право на остварување на еднократна парична помош имаат лица/ семејства жители на Општина Карпош ( се докажува со лична карта ) кои ги исполнуваат критериумите од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( лекување и социјален ризик)

II. Потребни документи

За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање, наведена во член 6. Од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( лекување и социјален ризик)

III. Висина на финансиката поддршка

Поднесените барања со комплетна документација ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од Градоначалникот и врз основа на документите и направениот увид во домот на подносителот на барањето , ја одредува висината на еднократната парична помош , која неможе да биде повисока од 30.000,оо денари, а се доделува еднаш во годината.

IV. Начин на пријавување

Комплетните документи може да се поднесат во архивата на Општина Карпош на Ул. „ Никола Русински " бр. 11 или по пошта.

V. Повикот не е временски ограничен и трае до исцрпување на финансиските средства , но најдоцна до 31.12.2026 година

ОПШТИНА КАРПОШ